# УПАТСТВА ЗА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА НА КОИ ЌЕ ИМ СЕ ИСПИТУВА КРВТА

## Instructions to Parents Whose Children are to Have a Blood Test

Лекарот на вашето дете нареди да се изведи крвен тест кој ќе помогне да се идентифицира болеста и/или да помогне при планирањето на лекувањето. Ќе земам мал примерок на крв било од прстот, петицата или раката.

Ве молиме да бидете смирени бидејки тоа ќе помогне детето да не биде нервозно.

1. Ве молиме да седнете тука со детето вскут.

2. Сега за кратко време ќе ја врзам раката на вашето дете со гумено црево за да набубри вената.

3. Ќе го дупнам прстот, петицата или раката на вашето дете. Тоа ќе биде брзо и ќе боли само за секунда.

   Штом го дупнам, само ќе го стегнам местото кое нема многу да боли.

4. Важно е вашето дете да не мрда воопшто додека го изведувам тестот. држете го да не мрда и сето ова брзо ќе помини. Ако детето мрдни, повеќе ќе боли и можеби ќе треба истото повторно да се изведи.

5. Откако ќе се изведи тестот, ќе то одврзам цревото и ќе ве замолам со прстот да притиснете на тампонот.

   Немојте стално да проверувате дали крварењето престанало. Потоа ќе ставам фластер да го покријам дупнатото место. Тоа може да се отстрани вечерва.

6. Ве молиме, долу да ја напишете својата адреса.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВАШАТА СОРАБОТКА. РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ВАШИОТ ТЕСТ ЌЕ БИДАТ ПРАТЕНИ ДО ЛЕКАРОТ ШТО ВИ ДАДЕ УПАТСТВО. ДОВИДУВАЊЕ.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.

Translated by the Health Translation Service
NSW Health Department, 1991

REVIEWED September 2004
NSW Multicultural Health Communication Service